СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 6 март 1996 година

Скопје, март 1996 година

**40 (ЧЕТИРИЕСЕТТА) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 6.III. 1996 г.**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 4..
2. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 8
3. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 10
4. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 6
5. РАМАДАНИ САЛИ - 3
6. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 4
7. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА - 5, 6, 8, 9.

Дневен ред на стр. 2

- Оставка на претсед.на Собранието на РМ Стојан Андов
- Избор на ПРЕТСЕДАТЕЛ- Тито Петковски

Седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 6 март 1996 година

Седницата започна со работа во 10,20 часот.

Седницата ја отвори Стојан. Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници. Ја отворам Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Марјан Котлар, Јаким Ивановски, Персида Малинска, Ратка Куљан-Зографска, Никола Г. Поповски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија го повлече предлогот за донесување на закон за дополнуваше на Законот за правата на носителите на Партизанска споменица 1941 година на лицата одликувани со орден Народен херој и на борците од Шпанската народноослободителна и револуционерна војна 1936 - 1939 година, со Предлог на закон.

Пратеникот Томислав Стојановски како, предлагач побара Предлогот за донесување на закон за изменвуање на Законот за основното образование, со Предлог на закон, предлогот за изменување на Законот

за средното образование, со Предлог на закон и Предлогот за донесување закон за изменување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон да не се разгледуваат на оваа седница, со оглед на тоа што на седниците на работните тела немаше мислење од Владата по нив и тие да бидат ставени на една од наредните седници на Собранието најдоцна до 31 март 1996 година.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Оставка на претседателот на Собранието на Република Македонија, Стојан Андов;

2. Избор на претседателот на Собранието на Република Македонија;

3. Предлог на закон за научно - истражувачката дејност;

4. Предлог за донесување на закон за Македонската академија на науките и уметностите со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за одбележување и уредување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на Република Македонија и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на Република Македонија, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон ва изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОБ , со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за правата на воените инвалиди и членовите на нивните семејства и членовите на семејствата на паднатите борци, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството , со Предлог на закон;

9. Нацрт на закон за тутунот;

10. Барање за издавање на автентично толкување на член 4 од Законот за заштита од пушењето поднесен од претставништвата во Скопје на Филип Морис и Романс ОФ Пал Мал.

11. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови.

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на дневниот ред.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе во оставка, денеска за прв пат после 15 месеци и 16 дена се согласувам потполно со претседателот во оставка на досегашното апсолутно мнозинство на г-динот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакате да го дополните дневниот ред?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Да,да. Имено тој поднесвуа оставка и јас ја прифаќам него- вата оставка. Тука нема дилема ни дискутабилност. Многу концизно. На минатата седница предложив четири поврзани точки за дневен ред. Со двете претседавачот манипулираше, додека за две се изнесуваа пратениците, меѓутоа не беа прифатени, иако цели три дена се водеше расправа точно околу тие четири точки. Денеска се согласувам со предложените точки на дневниот ред, меѓутоа сметам дека е неопходно потребно оставката на сегашниот претседател на Собранието на

Република Македонија со извештај за досегашната негова работа. Тоа е за раководењето со Собранието на Република Македонија. Значи предлагам на дневен ред извештај за работата на Собранието на Република Македонија од конституирањето до денес.

Второ, дискусија по поднесениот извештај.

Трета точка оставка на Пратеничката група на Либералната партија и тоа се знае зошто, ако треба можам да образложам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве имате предлози кој е за предлогот на Сали Рамадани нека крене рака? (1).

Г-динот Стојановски бараше процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри. Јас со допис се согласив моите предлози за измена на три закони/бидат пролонгирани аз една од наредните седници, но до 31 март. Користам прилика претставниците на Владата да го пренесат ова мое барање и второ,во дописот што го добивме тука стои дека јас како предлагач не сум бил присутен на ЗПК. Едноставно не бев присутен, затоа што не бев поканет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има некој друг предлог за дневниот ред? (Нема)

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

89 пратеници гласаа за. Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Бидејќи моја оставка на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија Ви е доставени во писмена форма, го молам потпретседателот на Собранието Блаже Филиповски да продолжи со седницата да раководи. (Аплауз)

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Најнапред констатирам дека на Стојан Андов му престанува функцијата претседател на Собранието на Република Македонија. Пред да преминеме на втората точка од дневниот ред, давам пауза да се утврди предлог за кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија.

Седницата ќе продолжи во 14,00 часот.

По паузата.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ :**

Минуваме на **точката два** - Предлог за претседател на Собранието на Република Македонија.

Предлогот за кандидат на Собранието на Република Македонија предложен од 67 пратеници Ви е поделен. Молам еден од предлагачите да го образложи предлогот.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван претседател на Владата, дами и господа министри, дами и господа почитувани пратеници. Имам пријатна должност и ми причинува задоволство во името на 67 пратеници на Социјал демократскиот сојуз на Македонија, Социјалистичката партија на Македонија, Партијата за демократски просперитет, Партијата за целосна еманципација на ромите, Социјал демократската партија и независниот кандидат Хисен Рамадани согласно член 67 од Уставот на Република Македонија и член 22 став 2 од привремениот деловник на Собранието на Република Македонија, на Собранието на Република Македонија да му предложам г-динот Тито Петковски да го избере за претседател на Собранието на Република Македонија.

Г-динот Тито Петковски е роден 1945 година во село Псача Крива Паланка. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје 1968 година. Во досегашната негова работа извршувал повеќе значајни функции меѓу кои: делегат во Собранието на општина Карпош, делегат во Собранието на Град Скопје, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на Град Скопје, секретар на СКМ, Партија за демократска преобразба.

I/7.-

Г-динот Тито Петковски е избран за пратеник во првото партиско Собрание на Република Македонија и потпретседател на Собранието и член на Комисијата за уставни прашања на Собранието. За пратеник е избран и на вторите повеќе партиски избори и за потпретседател на Собранието на Република Македонија. Член е на Комисијата за уставни прашања на Собранието и координатор на Пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз на Македонија.

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија во првото и во ова свикување на Собранието, г-динот Тито Петковски својата функција ја вршеше во исклучително сложени услови во периодот на конституирањето на Република Македонија како самостојна и суверена држава. Со своите високо - стручни познавања и политичката умешност и способност да даде значаен придонес во работата на Собранието на Република Македонија даде значаен придонес во работата на Собранието на Република Македонија, а посебно во концептирањето и обликувањето на најзначајните акти што ги донесе Собранието, пред се, Уставот на Република Македонија, Референдумот за независна и самостојна Македонија и повеќето декларации и други позитивни акти, како и во градењето на решенијата во законите што беа во функција на изградбата на нови економски политички правен и судски систем на Републиката.

Како потпретседател на Собранието, во изминатиот период со извонредно чувство за приоритетните интереси во државата, несебично и конструктивно придонесуваше и придонесува за принципиелно усогласување на ставовите на разните политички групи во Собранието, дури и на оние најспротивставените. Неговата севкупна ангажираност во Собранието беше и е во функција на изградба на парламентарна демократија.

Во многубројните средби со претставници на странски држави во земјата и надвор од земјата, како потпретседател и координатор на пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз на Македонија го презентираше Собранието и Република Македонија како држава во која забрзано се одвиваа демократските процеси, како предуслов за нејзино успешно интегрирање во европските и светските политички и економско финансиски институции.

Почитувани пратеници, длабоко сме уверени дека г-динот Тито Петковски функцијата претседател на Собранието на Република Македонија успешно ќе ја врши, со уште поголемо залагање и чувство на одговорност во рамките на своите уставни и законски и деловнички овластувања и ќе придонесе за подигање на дигнитетот на Собранието како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Републиката.

Од името на предлагачите Ве молам предлогот да го прифатиме и г-динот Тито Петковски да го избереме за претседател на Собранието на Република Македонија. (Аплауз)

**БЛАГОА ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по предлогот за избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Молам, кој бара збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа би сакал да Ви го соопштам ставот на пратеничката група на Либералната партија по ова прашање.

Пратеничката група на Либералната партија, поаѓајќи од фактот дека со изборот на новата Влада дојде до еднострано раскинување на

коалицијата Сојуз за Македонија, а имајќи го предвид и фактот дека г-динот Тито Петковски се наоѓаше на изборната листа на Сојузот за Македонија, а во новонатанатите услови дојде до одредено прегрупирање, ставот на пратеничката група е да се воздржи од гласањето, односно нема да гласа против затоа што нема никакви забелешки на личноста на предложениот кандидат. Би сакал да кажам дека очекуваме во наредниот период новоизбраниот претседател да ја врши својата функција стриктно почитувајќи го Уставот, законите, процедурата и Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот. Согласно на член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 27 од Привремениот деловник на Собранието, Собранието од редот на пратениците избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието. Согласно одредбите на Привремениот деловник на Собранието, претседателот на Собранието се избира со јавно гласање, а изборот може да биде и со тајно гласање, ако така се одлучи на седницата на Собранието по предлог на еден пратеник.

Дали некој од пратениците предлага изборот да се врши со тајно гласање. (Никој)

Констатирам дека изборот за претседател на Собранието на Република Македонија ќе го извршиме со јавно гласање.

Кој е за предлогот пратеникот Тито Петковски да биде избран за претседател на Собранието на Република Македонија, молам да крене рака? (79).

Дали е некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (29)

Констатирам дека пратеникот Тито Петковски е избран за претседател на Собранието на Република Македонија. За предлогот гласаа 79 пратеници, против 5 пратеници, а од гласањето се воздржаа 29 пратеници. (Аплауз)

Со изборот на Тито Петковски за претседател на Собранието на Република Македонија, констатирам дека му престанува функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Го молам претседател на Собранието г-динот Тито Петковски да дојде на претседателската маса, да даде свечена изјава и да го заземе своето место.

Ве молам да станеме сите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Изјавувам дека функцијата претседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија.

Скопје, 6 март 1996 година. (Аплауз)

Господа пратеници и претседателе на Владата на Република Македонија, господа министри, дозволете ми со неколку збора да се обратам на Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира пред се Вам господа пратеници дозволете ми да се заблагодарам на изборот, на доверието во надеж дека ќе продолжиме со натамошна афирмација на македонскиот парламент, да го зачуваме

I/11.-

достоинството на македонскиот парламент на највисокото законодавно тело, се разбира, на тој начин бранејќи го достоинството на Република Македонија. Очекувам Ваша поддршка, бидејќи јас се чувствувам единствено како прв меѓуеднаквите во македонскиот парламент за обемната работа што го очекува македонскиот парламент, односно за негово успешно обавување, пред се вонормативната сфера. Не очекуваат бројни закони во сферата на економијата, заокружување на економскиот систем, во сферата на политичкиот систем, во сферата на културата, здравството и сите дејности на општественото живеење. Се разбира, без поддршка на сите пратеници оваа обемност во работата на македонскиот парламент, неговата законодавна активност не ќе може да се апсолвира. Очекувам, се разбира, Ваша поддршка и во рамките на надлежноста на Собранието за натамошна афирмација на Македонија на меѓународен план. Се разбира овој парламент во овој состав направи многу, но остануваат уште многу недовршени работи, пред се, во сферата на заокружувањето на Македонија до крај во меѓународни рамки во врска со нејзиното признавање и решавањето на проблемите со соседите. Очекувам поддршка и успешно натамошно продолжување на соработката со претседателот на Републиката и се разбира, со Владата на Република Македонија, афирмирајќи ја на тој начин функцијата на овие органи и пред се, во насока на воспоставување на рамнотежа на власта и меѓусебна контрола на законодавната , извршната и судската власт.

Дозволете ми да ја искористам оваа прилика, да му се заблагодарам и на досегашниот претседател на Собранието на Република Македонија, г-динот Стојан Андов за неговото успешно водење на парламентот во изминатите 5 години и нешто, во надеж дека таквата соработка ќе продолжи и во иднина. Уште еднаш на сите Ви благодарам за изборот.

(Аплауз)

Сега предлагам да ја прекинеме седницата и да продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата заврши во 15,00 часот).